


*Четврток*
*09.01.2020*



## Ќе се реконструира спортската сала во ООУ „Никола Карев“

Оваа 2020 година ќе се реконструира спортската сала во ООУ „Никола Карев“ Крушево по одлуката на Владата на Република Северна Македонија за финансирање на овој проект.

Основното училиште во Крушево пред две години беше во тешка финансиска состојба, а недомаќинското раководење доведе и до нарушување на состојбата на спортската сала.

„Во изминатите две години успеавме да ја одблокираме сметката на ОУ „Никола Карев“ и да го преполовиме долгот, а сега благодарение на владата целосно ќе се реконструира салата. Со реконструкцијата ќе обезбедиме подобри услови за учениците, здрава средина и генерално подобрена состојба со основното училиште“, изјави градоначалникот на општина Крушево Томе Христоски.

Финансирањето на реконструкцијата на спортската сала е во рамки на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2020 година на Владата.

Линк до оригинална објава: http://krusevo.gov.mk/?p=10493&fbclid=IwAR1a-I_L-QxZpJ_zPdDk0yf_od7-rE4DI4X47hkBRJ_fWcWne7q2ucmiWiU

**Општина Крушево е дел од проектот на Светска Банка за проектирање улици**

Општина Крушево е дел од проектот на Светска Банка за проектирање на улици во должина од 3км. Ова е од големо значење за граѓаните на општина Крушево на кои ќе им се поедноставува и олеснува движењето но и врската помеѓу населените места.

Добиваме патна инфраструктура како никогаш до сега, тоа е наш приоритет поради раст и развој на туризмот, но и воедно рамномерен развој на општина Крушево.






*Сабота*
*11.01.2020*



## Продолжуваат активностите за изградба на фекална канализација прва фаза во с. Норово

Преку социјалните мрежи градоначалникот на општина Крушево Томе Христоски извести дека продолжуваат активностите за изградба на фекална канализација прва фаза во населеното место Норово.

„Никој претходно не помислуваше, а камо ли да започне со проект, покрај толку нерасчистени проблеми, имотно правни, нарушени меѓучовечки односи, но и опструкции на дел од оние кои не сакаа да продолжи поради добивање ситни политички поени што ќе прераснеше во општо незадоволство. Денес откако ги расчистивме работите продолживме со изградба на канализацијата прва фаза во с.Норово.“, напиша градоначалникот Христоски на „Фејсбук“.

ОПШТИНА КРУШЕВО
БИДИ ДЕЛ ОД РЕШЕНИЕТО!
ПРИЈАВИ ПРОБЛЕМ

Никола Ѓурковиќ 16а
Крушево
www.krusevo.gov.mk
mail: opstinakrusevo@krusevo.gov.mk
tel. ++389 48 477 061

*Недела*
*12.01.2020*



## Улиците се чисти и проодни, уредно осветлени

По врнежите од снег улиците во град Крушево се уредно исчистени, проодни и, дополнително, се осветлени.

„ Уредно осветлени, Чисти и проодни улици со нормален сообраќај се еден од условите за се поголем број на туристи, но секако нормално и безбедно движење на моите сограѓани.“, напиша градоначалникот Христоски на својот „Фејсбук“ профил.



## Крушево исполнето со туристи, снегот ќе донесе нови

Викендот што измина (11/12.01.2020) Крушево беше исполнето со туристи од различни возрасти. Тоа е резултат на нашите активности на терен, промоцијата и збогатена понуда. Снегот од денес (13.01.2020) ќе биде уште еден мотив нови посетители од земјава и надвор да не’ посетат.

Бројот на туристи растеше во изминатите две години, ќе расте и во 2020. Ние ќе продолжиме да ја подобруваме инфраструктурата, да го промовираме Крушево на Балканот и во Европа и ќе ја нудиме нашата соработка на угостителскиот сектор.

Крушево веќе не е анонимна дестинација, Крушево е растечка туристичка атракција во меѓународни рамки. Линк до објава: http://krusevo.gov.mk/?p=10496